UNVIVERSITY GOCE DELCEV – STIP
FACULTY OF LAW

# STUDENT'S SOCIAL SCIENCE JOURNAL



YEAR 2018, ISSUE NUMBER 6

GOCE DELCEV UNIVERSITY – STIP
FACULTY OF LAW

ISSN 2545-4021

# STUDENT'S SOCIAL SCIENCE JOURNAL

ISSUE 6 VOLUME VI

YEAR 2018

**STUDENT'S SOCIAL SCIENCE JOURNAL**
**FACULTY OF LAW**
**UNVIVERSITY GOCE DELCEV – STIP**

**Year 2018, Issue Number 6**
**ISSN 2545-4021**

**Publisher:**
prof. Jovan Ananiev, Ph.D

**Editorial Board**
prof. Blažo Boev, Ph.D
prof. Liljana Gudeva – Koleva, Ph.D
Risto Kostruranov, LL.M
prof. Jovan Ananiev, Ph.D
Ass. Prof.Ana Nikodinovska Krstevska, Ph.D

**International Editorial Board**
**Ivan Ilic**
Faculty of Law, University in Nis, Serbia
**Agim Nuhiu**
Faculty of Law, State University of Tetovo, Macedonia
**Dunja Duić**
Faculty of Law in Osijek, Croatia
**Olga Koshevaliska**
Assistant professor at the Faculty of Law
Goce Delchev University in Shtip, Macedonia
**Elena Maksimova**
Teaching assistant at the Faculty of Law,
Goce Delchev University in Shtip, Macedonia
**Ana Nikodinovska Krstevska**
Assistant professor at Faculty of Law,
Goce Delcev University in Shtip, Macedonia
**Olga Sidenko**
Senior lecturer in political science at Voronezh state University,
Lecturer at Voronezh State University, Russia
**Dimitar Apasiev**
Assistant professor at the Faculty of Law,
University Goce Delcev – Shtip, Macedonia
**Andon Majhoshev**
Assistant professor at the Faculty of Law,
University Goce Delcev – Shtip, Macedonia
**Darya Scheglova,**
Senior lecturer in political science at Voronezh state University,
Lecturer at Voronezh State University, Russia
**Boryana Aleksandrova**
Sofia University "St. Kliment Ohridski", Bulgaria;
Faculty of Law, Department for International Law and International Relations, Bulgaria
**Giorgia Bevilacqua**
National Research Council, Institute for Research on Innovation and Services for Development ", Italy
**Nives Mazur Kumrić**
Faculty of Law, University of Liège, Belgium

**Editorial Staff**
Ass. Prof. Ana Nikodinovska Krstevska, Ph. D
Ass. Elena Maksimova, LL.M.
Elena Trajkovska, Student
Kire Ivanov, Student

**Editor in chief**
Ass. Prof. Ana Nikodinovska Krstevska, Ph. D

**Language editor**
Vesna Ristova
(Macedonian language)

**Technical editor**
Slave Dimitrov

**Address of the Editorial office**
University Goce Delcev – Stip
Faculty of Law
ul."Krste Misirkov" 10-A PO.BOX 201
PO. Box 201, 2000 Stip
Republic of Macedonia

# С О Д Р Ж И Н А

**АНДОВ Дејан**
*Извршување заради наплата на парично побарување* ........................................................ **3**

**ГЛИГОРОВА Магдалена**
*Однесувањето на гласачите во функција на креирањето на изборна стратегија*
........................................................................................................................................ **13**

**ДОНЕВА Наташа**
*Боите на криминалот* ........................................................................................................ **35**

**ЃУРЃАЈ Никола**
*Хармонизација на албанското право со европското право во делот на заштита на малцинствата* ........................................................................................................ **47**

**ИВАНОВА Наташа**
*Убиство - поим, класификациа и стапка на убиство во Република Македонија 2012 - 2017 година* ........................................................................................................ **57**

**КРСТЕВ Трајче**
*Европскиот економски и социјален комитет и неговата улога во донесувањето на одлуките во Европската Унија* ........................................................................................ **63**

**МИТРЕВА Рената**
*Прикривање на стоки кои се предмет на криумчарење и царинска измама* .................. **71**

**МЛАДЕНОВСКИ Александар**
*Вовед во лажни вести – дефинирање и категоризирање*.................................................. **87**

**ПАВЛОВСКИ Марјан**
*Слободното движење на работната сила – предизвик на законодавството на Европската Унија и на Република Македонија* ................................................................ **93**

**ТАСЕВА Елена, ГЕОРГИЕВА Мартина**
*Правата на жената при склучување работен однос, со осврт на забраната за дискриминација при работа поради личен статус бременост*...................................... **101**

**ЏИДРОВА-КРСТОВА Наталија**
*Собирање и изведување на доказите во кривична постапка* ........................................ **119**

**МЛАДЕНОВСКИ Александар** **УДК: 316.776.22:32.019.5(100)**

## ВОВЕД ВО ЛАЖНИ ВЕСТИ – ДЕФИНИРАЊЕ И КАТЕГОРИЗИРАЊЕ

**Апстракт:** Лажни вести е термин кој во моментов е често употребуван и општо познат, се разбира, во крајно негативен контекст. Една од последиците од честото користење е тоа што, како сите зборови, доколку е повторуван доволно пати за сè и сешто, тој почнува да го губи своето значење. Овој труд е обид да се демистифицира и детално објасни терминот „лажни вести“, преку неговото појавување низ историјата на човештвото, негова категоризација, како и споредба со терминот вести (и етичките стандарди позади истиот).
**Клучни зборови:** медиуми, информација, дезинформација, пропаганда, јавно мислење.

**MLADENOVSKI Aleksandar** **UDK: 316.776.22:32.019.5(100)**

## INTRODUCTION TO FAKE NEWS – DEFINING AND CATEGORIZING

**Abstract:** Fake news is a term that at the moment is often used and commonly known, of course, in a very negative context. One of the consequences of the common usage is that, like with all other words, if it is repeated often enough and used for all and everything, it starts to lose its meaning. This essay is an attempt to demystify and explain in detail the term “fake news„ , through his appearance throughout mankind’s history, his categorization, and his comparison with the term news (and the ethical standards behind it).
**Key words:** Media, information, disinformation, propaganda, public opinion.

### Вовед

Темата која овој труд ќе ја обработува се лажните вести како феномен во медиумското информирање, во минатото и денес. Ова ќе биде извршено преку користење на дефиниции, категоризации, разни реални примери и компарација помеѓу терминот вести и лажни вести.

Но најпрвин треба да го објасниме поимот вести. Според Умар Фарок[1] вестите се необјавен опис на човечка активност, која има намена да ги заинтересира, информира и едуцира читателите. Постојат неколку потребни критериуми кои треба да се достигнат за нешто да се смета дека е вест. Тие се следниве:

- **Првиот** критериум е веста да не биде публикувана на друго место претходно. Само во моментот кога една вест доаѓа до читателите за прв пат, таа се смета за вест.

[1] Преземено од http://www.studylecturenotes.com/journalism-mass-communication/what-is-news-meaning-definition-and-sources-of-news.

- **Вториот** критериум е човечката активност. Таа е витална за еден податок да се смета за вест. Луѓето мораат да бидат во неа инволвирани, на еден или друг начин.
- **Третиот** критериум е таа да биде интересна за читателите. Интересот може да биде емоционален или физички.
- **Четвртиот** критериум е важен предуслов, а тоа е дека самата вест мора да содржи некаква информација за читателите, односно нешто што тие претходно не го знеле, а сега го дознаваат.

  Вестите, со други зборови, се концизен и точен извештај за определена случка. Дополнителни карактеристики кои би придонеле една вест да се смета за newsworthy (односно вредна да биде вест), според Џејсон Мад, се следниве:

1. **Проксимитет (блискост)** – Вообичаено, колку е поблиску случката опишана, толку повеќе интерес ќе создаде во лицето кое ја конзумира веста.
2. **Променентност (прочуеност)** – Случка која инволвира познато место, особа или организација има поголем импакт врз конзумерите.
3. **Временост** – Поголем импакт имаат случки кои се одвивале неодамна.
4. **Необичност** – Една информација веќе е вест самата по себе ако во неа има некаков куриозитетен елемент.
5. **Последица** – Тоа што би влијаело на животите на конзумерите директно, ги интересира повеќе.
6. **Конфликт** – Дел од човечката природа е да се интересираме за несогласувања и притоа да бираме некаква страна. Спорт, религија, војна и било каков друг спор е од голем интерес за конзуматорите.
7. **Човечки интерес** – Доколку една информација создава позитивна или негативна емоција кај конзумерите, таа може да биде пласирана како вест.
8. **Екстреми/суперлативи** – Публиката секогаш ќе биде заинтригирана од најголемото, најлошото, најдоброто, најдолгото и слично. Рекордни достигнувања секогаш се интресна вест.
9. **Скандал** – Сроден со горенаведените екстреми и необичности, тој секогаш ја интригира публиката.
10. **Одразување** – Колку е поголем бројот на луѓе инволвирани во случката, толку истата е попопуларна.

## 1. Поим и дефиниција на лажни вести

Лажните вести се екстремно актуелен поим во денешницата и истиот е користен често и во погрешен контекст (намерно и ненамерно). Изразот лажни вести (на англиски познат како fake news) е вид на пропагнада или жолта штампа која е создадена со некакво искривување на вистинити факти или пак целосно фабрикувани лаги, која е подоцна емитувана преку телевизија, радио, печатени медиуми или разни видови на интернет веб-сајтови. Целта на ова е најчесто да се оштети угледот на поединец или организација и/или да се добие политичка моќ и профит. Профитирањето се врши преку сензационални, нечесни и шокантни наслови, кои понекогаш целосно се фабрикувани. Ова се прави за да се зголемат бројот на конзумери, односно лица кои ќе ја споделат информацијата на социјалните мрежи и ќе кликнат за да ја отворат веста (PPC односно pay per click приходи следуваат за ова). Со други зборови, лажните вести се медиумски тројански коњ, кои спакувани како реална вест се инфлитрираат низ бедемите на јавноста.

Оваа појава се појавува низ целата човекова историја, иако е популаризирана и сè почеста во денешницата. Денес информациите и брзината на споделувањето е екстремно поголема од онаа пред дваесет или триесет години, а средството кое најмногу придонело за ова е интернетот. Освен брзината на споделување на податоци, интернетот нуди и (речиси) целосно бесплатни извори на информирање. Социјалните мрежи како Facebook, Twitter и Instagram имаат безброј групи и профили на кои најразлични професионални или аматерски физички и правни лица подготвуваат и доставуваат информации во форма на вести. Конкурентноста во ова е огромна, и многумина се обидуваат преку сензација да доведат до повеќе посетеност на нивните профили. Со ова, дезинформациите се шират паралелно со вестите. Замавот на лажните вести како средство кое се користи за контрола на политичките процеси во многу држави во светот особено е вистина по започнувањето на таканаречените post-truth politics, но оваа појава ќе мораме да ја оставиме за понатаму.

**2. Лажни вести низ историјата**

Лажните вести, што спомнавме претходно, се појавуваат низ целата историја. Примери можеме да најдеме од антиката, па сè до ден денес.

Рамзес II, според најновите археолошки истражувања[2], бил добар војсководец само на каменорезот кој бил создаден во текот на неговото владеење. Иако овие неповерливи извори тврдат дека тој бил во големи конфликти со либијците, ископините потврдуваат мирен соживот помеѓу египетското население и нивните соседи. Тој исто така наредувал да се избришат разни зданија и ги препишувал со свој текст, додавајќи ги причините за нивното постоење во своите подвизи. Во 1-от век п.н.е, соперникот на Марко Антониј Октавијан ширел невистини за него, опишувајќи го како пијаница, женкар и марионета на египетската кралица Клеопатра VII. Во средниот век лажните вести често го разгорувале веќе постоечкиот анти-семитизам во Европа. Еден од многуте такви примери е убиството на Симонино од Тренто во 1475 година. Лажната вест која се проширила помеѓу луѓето е дека водачите на еврејската заедница го киднапирале и убиле малото момче за да ја прибават христијанската крв за определен религиозен ритуал (јудеизмот бил во голема мера демонизиран во средновековна Европа). И покрај обидите на тогашниот Папа Сикст IV да ја спречи ваквата лага, таа сепак излегла надвор од контрола, и во огромен и страшен излив на агресија, сите Евреи во Тренто биле уапсени и измачувани, а 15 од нив биле запалени на клада. Обвиненија спрема евреите за вршење на вакви крвави ритуали биле речиси клише во средновековна Европа. Во новиот век лажни вести можеме да видиме во американските колонии, во кои Бенџамин Френклин пишувал дека од страната на британскиот крал Џорџ III војувале насилни индијански племиња кои ги скалпирале своите непријатели со цел да ја сврти јавноста во 13-те колонии на страната на револуционерите. Во 19-иот век најпозната е таканаречената „голема лунарна измама“, серијата на шест колумни објавени во 1835 од The Sun од Њу Јорк, во која детално го објаснуваат откритието на жив свет и цивилизација на луѓе – лилјаци на Месечината. Позната лажна вест од 20-от век е фабрикуваната приказна за Германскиот погон за трупови, кој во текот на Втората светска војна ги преработувал масното ткиво на труповите на загинатите германски војници во нитроглицерин, лубриканти, свеќи и сапун. Оваа лажна вест е публикувана од страна на разни издавачки куќи од земјите на Антантата. Во 21 век, како што претходно елаборираме, лажните вести стануваат далеку побројни и покомплексни во

---

[2] Преземено од https://www.ancient-code.com/archaeologists-find-fake-news-existed-some-3000-years-ago-thanks-to-ramses-the-great/.

својата содржина. Пол Хорнер бил новинар кој, колку бизарно  и да звучи, својата кариера ја концентрал околу лажни вести, помеѓу кои се лажната вест дека тој е графити артистот Банкси и дека бил уапсен, дека човек сопрел грабеж со цитати од култниот филм на Квентин Тарантино Pulp Fiction и слично. Лажните вести ја зголемуваат својата релевантност и наоѓаат лежиште во политичката култура наречена пост-вистинита политика (анг.post-truth politics). Овој начин на водење на политика се концентрира на дебатирање кое воглавно се концентрира на манипулирање на емоциите на јавноста и игнорирање (во голем дел) на детали од јавната политика или фактички докази. Оваа негативна појава во општеството опстојува главно преку дерогирање на вистината за сметка на чувствата како примерното нешто според кое јавната политика треба да се води.  Лажните вести се користат како алатка бидејќи е екстремно ефикасна да создаде многу силни чувства кај населението и така да се придобие нивниот глас и одобрување

### 3. Видови на лажни вести

Лажните вести можат да се категоризираат на различни начини, еден од популарните е создаден од  Клер Вардл од First Draft News. Тој лажните вести ги дели на следниве категории:

1. **Сатира или пародија** – Иако погоре ги спомнавме како различни од лажните вести, бидејќи се напишани на начин кој не е наменет да ги излаже читателите, тие сепак можат да се сметаат како лажни вести во буквална смисла. Според Вардл, тие немаат намера да создадат штета но имаат потенцијал да излажат.
2. **Лажна конекција** – Кога наслови, фотографии, или натписи на фотографии не се поврзани со самата содржина.
3. **Лажлива содржина (измамничка содржина)** – Користење на определена информација на лажлив начин како обид да се спинува (доаѓа од англискиот збор spin, кој во превод значи извртува)  определена проблематика или определена личност со цел да се совпадне со нечија агенда поврзана со некоја проблематика.
4. **Лажен контекст** – Кога вистинита информација е споделена во иста приказна со лажен контекст.
5. **Содржина – натрапник** – Кога вистинити извори се имитирани од страна на лажни, измислени извори.
6. **Манипулирана содржина** – кога вистинита информација или фотографија е манипулирана или изменета со цел да излаже.
7. **Фабрикувана содржина** – 100 % лажна, измислена содржина создадена само со цел да измами.

### 4. Разлики помеѓу вистинските и лажните вести

Разликата помеѓу вистината и лагата во медиумското информирање е екстремно важна. Сите ставови кои граѓаните ги градат се базираат, на еден или друг начин, врз основа на информации добиени преку медиумите. При откривањето на разликите, се откриваат и нови начини како да се распознае што е вистина, а што лага. Да разгледаме неколку различни пристапи кон самиот проблем.

Според д-р Кристи Хес[3] од Универзитетот Декин, конзуматорите на вести ги формираат своите заклучоци и ставови според карактеристиките кои тие ги имаат, односно според својата класа, политичка, полова, религиозна, етничка и друга

[3] Преземено од http://this.deakin.edu.au/society/how-to-tell-the-difference-between-real-and-fake-news.

припадност. Клучот е да се обидат да го надминат ова преку развивање на толеранција за алтернативните призми кои други групи на лица ги имаат. Д-р Хес исто така споменува дека проверувањето на изворите е многу важно за откривање на автентичноста на вестите.

Сандер ван ден Линден[4] оди чекор подалеку и ги предложува следниве чекори:

- **Ако звучи премногу невозможно, најверојатно е** – Ова особено се однесува на насловите. Денес и професионалните новинари создаваат преувеличени и скандалозни наслови за да привлечат што е можно повеќе луѓе.
- **Бидете внимателни со политички врамена содржина** – Доколку ви е потребно да се согласите или да отфрлите еден наслов во рок од 2 секунди, тоа значи дека истиот е политички ориениран. Таканареченото психолошко врамување не доведува да веднаш завземеме страна и да кликнеме за да прочитаме ако се сложуваме, или да искоментираме нешто под веста со вклучен caps lock.
- **Факти се многу помалку популарни отколку лаги на интернет** – Популарноста на една вест не ја легитимизира истата, многу често е сосем спротивно од вистина.
- **Верифицирај го изворот и контекстот** – Во рамките на лажните вести, изворите од кои се црпат податоците се неточни, непостоечки или извадени од контекст. Најчесто експертите кои се користат воопшто не постојат, или пак статистичките податоци се извадени од контекст. Ова ги наведува голем дел на конзуматорите да ја прифатат веста како вистинска поради ваквите цитати. Темелноста е битна при проверката на вестите, а таа најмногу значи во пронаоѓање и верифицирање на изворите.
- **Избегнувај да ги добиваш вестите претежно од социјални мрежи** – Тоа не се проверени медиуми. Социјалните мрежи дозволуваат бизниси и политички кампањи да емитуваат и реклами кои изгледаат како вистински приказни. Facebook како сајт дури дозволува feed-от на вести да биде одреден спрема алгоритми на преференци на секој корисник посебно. Корисни алатки за проверка на фактите се Snopes и MediaBiasFactCheck.

## Заклучок

Оваа тема е екстремно опширна и тешка, и ваквиот труд никогаш не би можел целосно да ја опфати. Политичките науки и новинарството во последнава декада го имаат двојно зголемено својот труд спрема спречување и демистифицирање на феноменот на лажни вести. Во денешницава сме сведоци на еден вид на arms race, односно трка на наоружување помеѓу научната фела и создавачите на лажните вести, а не може воопшто да се предвиди кој на крајот ќе излезе како победник. Овој труд ја разгледува само површината на сè ова, постојат многу неодговорени прашања, како на пример, кој ги создава лажните вести и по чиј налог, кои се целите и последиците кои следуваат со ширењето на лажните вести? Овие прашања се премногу комплексни, и не можат да се одговорат тука.

[4] Преземено од https://www.psychologytoday.com/intl/blog/socially-relevant/201711/how-spot-fake-news.

И покрај тоа овој почеток е многу важен. Тој претставува никулец кој упорно ќе расте и ќе се развива, и еден ден плодот ќе биде читатели кои ќе можат сè подобро и подобро да ги распознаат секаквите манипулации. Во спротивно, не чека навистина темна иднина, во која човештвото ќе биде втерано како стадо овци во трло, спремно да проголта сè што ќе му биде сервирано. Ова и ден денес се случува во Северна Кореја, во која секојдневно жителите се изложени на секаков вид на пропаганда и лажни вести, спонзорирани од диктатурата на фамилијата Ким. Останува само да се трудиме најдобро што можеме и да учествуваме во разоткривањето на овој негативен медиумски феномен.

**Користена литература:**


American Experience, The Man Behind Hitler, www.pbs.com превземено на 03.09.2018

Brooke Borel „Fact-Checking Won't Save Us From Fake News" www.fivethirty eight.com преземено на 03.09.2018.

Izabella Kaminska „A lesson in fake news from the info-wars of ancient Rome" www.ft.com преземено на 04.09.2018.

Jacob Stoll „The Long and Brutal History of Fake News" www.politico.com преземено на 04.09.2018.

Kim LaCapria „Snopes' Field Guide to Fake News Sites and Hoax Purveyors" www.snopes.com преземено на 05.09.2018.

Paul Horner „Man quotes Pulp Fiction, stops robbery" www.miramax.com преземено на 05.09.2018.

„The Great Moon Hoax" www.history.com преземено на 06.09.2018.

History's Greatest Lies William Weir Издавач: „Fair Winds Press" Beverly, Massachusetts, 2009 godina.